Димитар Влахов 10, Берово
2330 Берово
Тел/факс:.033/471 057
e-mail: so.berovo@t.mk

# ОПШТИНА БЕРОВО

## ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА:

**ПРОГРАМА**

**за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести, во 2023 година**

*Јануари- 2024*

## Вовед

За заштита на населението од заразни болести, во 2023 година се спроведени вообичаените општи мерки:

- Обезбедување на безбедна вода за пиење;
- Обезбедување на санитарно-хигиенски и други услови во објектите за храна;
- Обезбедување на хигиено-технички услови во училишните и предучилишни установи;
- Отстранување на цврстиот отпад и отпадните води на начин кој ќе овозможи заштита на човековата околина од загадување;
- Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во населени места и други јавни површини и
- Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.

Организираното водоснабдување, како дејност од јавен интерес, е слика на општествениот стандард и значаен предуслов за заштита од заразни заболувања и добро здравје. Од тука и во 2021 година примарната грижа на Општина Берово беше насочена кон обезбедување на населението со доволни количини на здравствено исправна вода за пиење, намалување на загубите на вода на минимум и услови за непрекинато и удобно користење на водата за пиење.
Согласно Одлуката за Комунален ред, организираното водоснабдување на населението во Општина Берово го врши ЈКПР „Услуга" - Берово, преку Општинскиот водовод - Берово, а водоснабдувањето на селата Ратево и Двориште го спроведуваат месните заедници.

Општина Берово, во соработка со ЈЗУ ЦЈЗ Кочани, двапати годишно (по потреба и повеќе) го организира и го следи квалитетот на водата од селските водоводи на селата Ратево и Двориште.

ЈЗУ Центар за Јавно Здравје – Кочани зема мостри за испитување на вода за пиење и од локални чешми, бунари, кладенци и сл. кои се користат од населението.
Во секој резултат стои и мислење за исправноста и квалитетот на водата.

**Правилно и навремено отстранување на цврст отпад и отпадни води**

Согласно член 38 став 2 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води („Сл.Весник на Република Македонија“ бр. 68/04........ 31/16), загадувачите се должни да ја испитуваат безбедноста на отпадните води. Затоа, сезонски се следи квалитетот на водата од река Брегалница пред испуштањето од пречистителната станица за отпадни води, на 20 метри и на два километри по испуштањето на пречистените отпадни води и ќе се процени еколошкиот ризик и ризикот за здравјето од користење на рибите, жабите и градинарските култури, наводнувани од вода на реката.

**Превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација**

Согласно член 42 од Законот за заштита на населението од заразни болести (Сл. Весник на Република Македонија бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16) овластени да вршат дезинфекција, дезинсекција и дератизација на јавни установи и на други јавни површини се центрите за јавно здравје и други правни лица што ги исполнуваат бараните критериуми за вршење на ваква дејност.

Предвидено е да се спроведат најмалку 3 теристички прскања со водно растворливиот преперат аквакотрин. Теристичките прскања се спроведени во јуни, јули и август, со опфат од по 50 хектари, во населените места на општината.

Во врска со член 42 од истиот закон, Општина БЕРОВО спроведе општа дератизација, во Ноември 2021 година, со 100 кг. кумарински препарат. За ова дератизација се третираат вкупно 300 шахти (150 во Берово, 20 шахти во село Ратево, 45 шахти во село Русиново, по 20 шахти во Будинарци и Владимирово, 35 шахти во село Смојмирово и 10 шахти во населбата „Беровско езеро". Во секоја од третираните 300 канализациони шахти ќе се постават по 300 грама отпорни на надворешни влијанија кумарински препарати, или вкупно 90 килограми. За превентивна дератизација на депонијата за комунален смет и пречистителната станица за отпадни води се поставени по 5 килограми кумарински блокови или вкупно се употребени 100 кг кумарински блокови.

---

Извештајот е дел од активностите кои се реализирани од страна на Одделението за комунални дејности и заштита на животна средина, а во соработка со другите институции на локално ниво и со учество на сите чинители и заинтересирани страни за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година за реализација на ПРОГРАМАТА за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести, во 2023 година усвоена од Советот на општина Берово бр. 09-4014/1 од 15.11.2022.

**Финансиски план за реализација на програмата**

| Програма | **Вид на активности** | **Цена по активност во денари** |
|---|---|---|
| **P1** | **Води за пиење** | **29. 700,оо ден.** |
| | **Хиперхлорирање на селски водоводи** | **36. 000,оо ден.** |
| **P1** | **Анализа на р. Брегалница** | **28. 000,оо ден.** |
| **T1** | **Уништување на комарци (3 теристички третирања)** | **240. 000,оо ден.** |
| **T1** | **Дератизација на канализација и депонија** | **106. 000,оо ден.** |
| | **ВКУПНО** | **439. 700,оо ден.** |

❖ Буџетирани средства во Буџет на Општина Берово во 2023 се:
- **Дератизација и Дезинсекција 346.000,00 денари без ддв, или 365.080,00 со ддв.**

- .

---

**Во текот на 2023 година за реализација на** Програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во 2021 реализирани се активности од вкупно - **177.442,00 денари** – и тоа:

1. **Следење на безбедноста на водите за пиење од селски водоводи...... = 6.160,оо денари**
2. **Загаденоста на брегалница од канализацијата и процена на ризик............ = 0,оо денари**
3. **Надзор над детската градинка во општина Берово............................................. = 0,оо денари**

**3.1. Третирање на комарци во општина Берово................................................. = 29.682,оо денари**

**3.2. Општа дератизација на канализацијате и градската депонија....... = 141. 600,оо денари**

---

Во текот на 2023 година по Програмата за заштита на населението од заразни болести се наплатени :

1. **Следење на безбедноста на водите за пиење од селски водоводи....... = 6.160,оо денари**
2. **Дезинсекција и Дератизација ........................................................................ = 171.282,оо денари**

   **ВКУПНО: ...................................................................................................... = 177.442,оо денари**

Одделение за комунални дејности и
заштита на животна средина

*Изработил:*
*Зоран Нешкевски*

*Контролирал:*
*Ванчо Димовски*

ОПШТИНА БЕРОВО
ГРАДОНАЧАЛНИК
ЗВОНКО ПЕКЕВСКИ